**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

## ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: “Даме Груев“, бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на услуга - систематски здравствен преглед за вработените во Министерството за финансии.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 21, став 1 од Законот за јавните набавки (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Елена Трпкова тел: (02) 3106-347, електронска адреса: elena.trpkovska@finance.gov.mk Ирена Шалевиќ, (02) 3106-139 електронска адреса: irena.salevic@finance.gov.mk Александар Аргировски, тел. (02) 3106-223, електронска адреса: aleksandar.argirovski@finance.gov.mk

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни доставаат понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **30 јули 2009 година, до 12,00 часот,** по пошта или лично со поднесување во архивата на Министерството за финансии.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Тендерската документација може да се подигне бесплатно во зградата на “Техномотал-Вардар“, 5 кат, соба бр.513. Исто така, тендерската документација може да ви ја доставиме по електронски пат со претходно доставено барање на следниве електронски адреси: elena.blazevska@finance.gov.mk или cvetan.josifoski@finance.gov.mk

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на електронските адреси на лицата за контакт. Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

За евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат известени сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **30 јули 2009 година, во 12,00 часот,** во просториите на Министерството за финансии, ул. „Даме Груев“ - 14, Скопје, III кат, во салата за состаноци.

**Скопје, 3.07.2009 година**

**Од Комисијата за спроведување на постапката за јавната набавка,**
**ЗАМЕНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ирена Василева Шалевиќ**